**ИЗВЕШТАЈ**

Програма за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2021 година

**1. Опис на постигнувања**

| **Вид на активност** | **Обем на активноста** |
|---|---|
| I. Специјализации, супспецијализации на лекари од Република Северна Македонија во странство | Од вкупно 12 специјализации во странство, 4 се завршени.<br>Продолжување на 6 специјализации во Р.Србија, една во Р.Хрватска и една во Р.Словенија |
| II. Ангажирање на стручни медицински лица од странство | 1. Ангажирање на доктор спец. Неврофизиолог од Р.Србија и доктор специјалист по ортопедија и трауматологија од Р.Турција за едукација на лекари од ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар – Скопје. Извршени се оперативни интервенции за корекција на адолесцентна идиопатска сколиоза кај седум пациенти.<br>2. Ангажирање на странски доктор од Р.Србија од областа на офталмологија и едукација на лекари од ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести-Скопје;<br>3. Ангажирање на еден странски доктор од Р.Србија за едукација на доктори медицински сестри на Од делот за специјална нега и терапи ја на новородени деца при ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје во областа на активно дијагностицирање, лекување и воведување на нови методи за третман на високоризичните новороденчиња.<br>4.Ангажирање на еден доктор од Р.Турција за едукација на вработени во ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија – Скопје од областа на торакална хирургија. Извршени се вкупно 37 интервенции.<br>5.Ангажирање на еден странски доктор од областа на офталмологија и оториноларингологија за едукација на вработени во ЈЗУ Градска општа болница 8-ми Септември - Скопје |
| III. Едукации во установата Медицински Симулациски Центар Скопје | Спроведени се обуки на вкупно 401 лице во установата Медицински симулациски центар и тоа:<br>- 37 лица го поминале модулот за основно одржување во животот (Basic life support);<br>- 50 слушатели за модулот за Напредно одржување во живот (ALS - Advanced life support) и<br>- 314 лица го поминале модулот за напредно одржување во животот |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

| | |
|---|---|
| | при траума (Advanced Trauma life support). |
| IV. Кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени | Од вкупно 130 кофинансирани специјализации, завршени се 19.<br><br>Продолжување на кофинансирање на 111 специјализации. |
| V. Обука на овластени лица за преглед на умрени лица | Активноста не е реализирана поради Ковид мерките. |

**2. Буџетска реализација на активностите финансирани од основниот буџет на Министерство за здравство и буџетот на самофинансирачки активности**

Вкупно реализирани средства за 2021 година се 21.688.742,00 денари, од кои:

- 11.693.144,00 денари од самофинансирачки буџет на МЗ;
- 9.995.598,00 денари од Буџет на РСМ.

Подготвил:Роберт Величковски
Проверил:прим.д-р Сузана Маневска


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk